**20120150487**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

Врз основа на член 56, став 2 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.63/07), министерот за локална самоуправа, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗБОР НА ОЦЕНУВАЧИ, ПОСТАПКА И МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ТЕКОВНО И ЗАВРШНО ОЦЕНУВАЊЕ НА ПРОЕКТИ ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Член 1

Со овој правилник се пропишува изборот на оценувачи и постапката и методологијата за тековно и завршно оценување на проектите за регионален развој.

Член 2

За спроведување на постапката за избор на оценувачи за тековно и завршно оценување на проектите за регионален развој се формира комисија составена од претседател и два члена од редот на високи раководни државни службеници во Министерството за локална самоуправа.

Член 3

Оценувачите се избираат по пат на јавен оглас.

Огласот за избор на оценувачи за тековното и завршното оценување на проектите за регионален развој го објавува Министерството за локална самоуправа, најдоцна 15 дена од денот на формирањето на комисијата за спроведување на постапката за избор на оценувачи.

Огласот за избор на оценувачи на планските документи содржи:

- Назив на органот кој го распишува конкурсот,
- Услови за избор на оценувачи,
- Рокот за доставување на пријави;
- Потребни документи за конкурирање и
- Адреса на која треба да се достават пријавите.

Огласот трае седум дена од денот на објавувањето и се објавува најмалку во два дневни весници, од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски и на албански јазик.

Член 4

Изборот на оценувачи се врши во рок од 14 дена од денот на завршувањето на огласот.

Член 5

Комисијата за спроведување на постапката за избор на оценувачи ги разгледува сите пристигнати пријави по огласот.

Пријавите доставени по огласот се разгледуваат одделно и се утврдува исполнетоста на потребните услови и комплетноста на документите доставени во прилог на пријавата.

Пријавата на кандидатот кој не ги исполнува условите за избор на оценувач или нема доставено комплетна документација, не се разгледува во понатамошната постапка.

Комисијата води записник за својата работа во кој се внесуваат податоците за доставените пријави, комплетноста на документите доставени во прилог на пријавата, бодирањето на кандидатите и други податоци од значење за спроведување на постапката за избор на оценувачи.

Член 6

Кандидатите кои ги исполнуваат условите утврдени за изборот на оценувачи се бодираат на следниот начин:

а) Степен на образование:
- Високо образование - 2 бода
- Магистер на науки - 4 бодови
- Доктор на науки - 6 бодови

б) Раководење со реализација на проекти:
- проекти од нацонално значење 3 бодови
- проекти од регинално значење 2 бодови
- проекти од локално значење 1 бодови.

в) Учество во реализација на проекти – 1 бод

Врз основа на бодовите, се подготвува бодовна листа за кандидатите.

Се избира оној кандидат кој добил најмногу бодови.

Член 7

При бодирањето на условот – раководење со реализација на проекти се бодираат до 3 раководења со проекти.

При бодирањето на условот – учество во реализација на проекти проекти се бодираат до 5 учества во реализација на проекти.

Член 8

Врз основа на добиениот број бодови, Комисијата за спроведување на

постапката за избор на оценувачи за тековно и завршно оценување на проектите за регионален развој подготвува бодовна листа на кандидатите, врз основа на која се донесува одлука за избор на оценувачи од страна на министерот за локална самоуправа.

За оценувачи се избираат кандидатите кои добиле најмногу бодови.

Член 9

Тековното и завршното оценување на проектите за регионален развој: проекти за развој на планските региони, проекти за развој на подрачја со специфични развојни подрачја и проекти за развој на селата ( во натамошниот текст: проекти) го спроведуваат четворица оценувачи од кои еден е координатор на оценувањето (во натамошниот текст: координатор).

Член 10

Тековното оценување се состои од:

- оценување на целисходноста на користењето на средствата,
- оценување на почитувањето на временската динамика за реализација на предвидените активности;
- оценување на ефектите од реализацијата на предвидените активности и
- подготовка на извештај за тековно оценување.

Член 11

Тековното оценување на проектите се врши врз основа на:

- Апликациониот формулар и дополнителните документи на апликациониот формулар;

- Извештаите за реализација на проектите за развој на планските региони, подготвени од страна на центрите за развој на планските региони и доставени до Бирото за регионален развој, согласно член 46 став 2 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.63/07);

- Извештаите за реализација на проектите за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и развој на селата, подготвени од носителите на проектите и доставени до Бирото за регионален развој, согласно член 46 став 3 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија” бр. 63/07) и

- Верификацијата на извештаите од алинеите 2 и 3 на овој член дадена од Бирото за регионален развој врз основа на предходно извршен увид во фактичката состојба.

Член 12

Секој оценувач врз основа на расположливите документи како извори на информации за тековно оценување на проектот подготвува оценка на целисходноста на користењето на средствата.

За оценувањето на целисходноста на користењето на средствата, носителот на проектот еден месец пред отпочнувањето на тековното оценување, пополнува Формулар за известување за целисходноста на користењето на средствата, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Предмет на оценување е секоја одделна активност, чиешто завршување е предвидено до моментот на оценувањето.

Оценувањето се врши по следниве категории:

- вид на употребени материјални средства;
- број на употребени единици од соодветниот вид на материјалните средства;
- цена на чинење по единица;
- вкупна цена на чинење на употребените материјални средства;;
- вид на услуга;
- број на единици на услуги, изразени во обем или време;
- цена на чинење по единица од услугата;
- вкупна цена на чинење на остварената услуга;
- вид на ангажман на одредени лица;
- број на работни денови;
- цена на чинење по работен ден;
- вкупна цена на чинење на работните денови.

Критериум за оценување на категориите од ставот 3 на овој член е степенот на отстапување на она што е реализирано во однос на она што е планирано.

При оценувањето се наведуваат констатираните состојби за секоја активност одделно и се дава квантитативна оценка, која може да биде:

0 – ако при преземањето на активноста, средствата воопшто не се целисходно користени;

3 - ако при преземањето на активноста, средствата не се делумно целисходно користени и

5 - ако при преземањето на активноста, средствата се целисходно користени.

Оценката од ставот 1 на овој член, ги содржи:

- оценките на целисходноста во користењето на средствата по одделна активност, подготвени според ставот 3 од овој член;

- генерална описна оценка за отстапување на она што е планирано во проектот во однос на она што е реализирано, со наведување на отстапувањата и

- квантитативна оценка на целисходноста во користењето на средствата во однос на целиот проект, врз основа на скалата на оценување, содржана во ставот 5 на овој член.

Координаторот ги синтетизира и усклaдува оценките на оценувачите и врз нивна основа, подготвува аналитичко резиме и квантитативна оценка, која претставува средна оценка од оценките кои ги имаат дадено оценувачите.

Член 13

Секој оценувач, врз основа на расположливите документи како извори на информации за тековно оценување на проектот, подготвува оцена на временската динамика за реализација на предвидените активности во проектот.

Единица на оценување се оние делови од документите, кои претставуваат извори на информации за завршно оценување, а кои ја опишуваат временската рамка на проектните активности.

Се оценуваат оние активности, чиешто завршување е предвидено до моментот на оценувањето.

Критериум за оценување е разликата во периодот на реализацијата на одделната активност во однос на предвидениот период на реализација на активноста.

Со оценката од ставот 1 на овој член се:

- утврдува почитувањето на временската динамика за реализација на предвидените активности;
- констатираат евентуалните причини за неисполнувањето на временската рамка,
- констатираат евентуалните продолжувања на одредени рокови за реализација на активностите и
- дава квантитативно вреднување, кое може да биде:

0 - ако при реализацијата на предвидените активности, воопшто не е почитувана временската динамика;

3 - ако при реализацијата на предвидените активности, делумно е временската динамика и

5 - ако при реализацијата на предвидените активности, е почитувана временската динамика.

Координаторот ги синтетизира и усклaдува оценките на оценувачите и врз нивна основа, подготвува аналитичко резиме и квантитативна оценка, која претставува средна оценка од оценките кои ги имаат дадено оценувачите.

Член 14

Секој оценувач, врз основа на расположливите документи како извори на информации за тековно оценување на проектот, подготвува оценка на ефектите од реализацијата на предвидените активности.

Единица на оценување е секоја одделна активност, чиешто завршување е предвидено до моментот на оценувањето.

Категориите за оценување, зависат од видот на резултатот кој се очекува да се постигне.

Основни категории за оценка се:

- обемот на постигнатото и
- квалитетот на постигнатото

Критериум за оценување на категоријата од алинеа 1 став 4 од овој член е степенот на отстапување на она што е постигнато со реализираната активност во однос на она што е планирано, утврдено преку квантитативни индикатори.

Критериуми за оценување на категоријата од алинеа 2 став 4 од овој член е степенот на отстапување на она што е постигнато со реализираната активност во однос на она што е планирано, утврдено преку квалитативни индикатори.

При оценувањето се наведуваат констатираните состојби за секоја активност одделно и се дава квантитативна оценка, која може да биде:

0 - ако од преземената активност воопшто не се добиени ефекти;

3 - ако од преземената активност се добиени делумни ефекти и

5 - ако од преземената активност се добиени очекуваните ефекти.

Оценката од ставот 1 на овој член, ги содржи:

- оцените на ефектите од реализацијата на одделната предвидена активност, опишана во став 4 од овој член;

- генерална описна оцена за отстапување на она што е реализирано во однос на она што е планирано во проектот, со наведување на клучните проблематични точки и

- квантитативна оценка на ефектите од реализацијата на предвидените активности, врз основа на скалата на оценување содржана во ставот 7 на овој член.

Координаторот ги синтетизира и ускладува оценките на оценувачите и врз нивна основа, подготвува аналитичко резиме и квантитативна оценка, која претставува средна оценка од оценките кои ги имаат дадено оценувачите.

Член 15

Извештајот за тековното оценување на проектите содржи:

- Аналитичкото резиме и средната оценка од член 12 став 8, член 13 став 6 и член 14 став 9 од овој правилник и

- Генерални заклучоци и препораки.

Член 16

Фази во постапката на завршното оценување на проекти се:

- оценка на целисходноста на користењето на средствата;

- оценка на реализацијата на очекуваните резултати

- оценка на исполнувањето на поставените цели;

- оценка на општата успешност за реализирање на проектот и

- подготовка на извештај за завршно оценување.

Член 17

Завршното оценување на проекти се врши врз основа на:

- Апликациониот формулар и дополнителните документи на апликациониот формулар;

- Извештаите за тековно оценување на проектите;

- Извештаите за реализација на проектите за развој на планските региони, подготвени од страна на центрите за развој на планските региони и доставени до Бирото за регионален развој, согласно член 46 став 2 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.63/07);

- Извештаите за реализација на проектите за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и развој на селата, подготвени од носителите на проектите и доставени до Бирото за регионален развој, согласно член 46 став 3 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.63/07) и

- Верификацијата на извештаите од алинеите 3 и 4 на овој член дадена од Бирото за регионален развој врз основа на предходно извршен увид во фактичката состојба.

Член 18

Секој оценувач, врз основа на расположивите документи за завршно оценување на проекти, подготвува оценка на целисходноста на користењето на средствата.

За оценувањето на целисходноста на користењето на средствата, носителот на проектот најдоцна 15 дена по завршувањето на проектот , пополнува Формулар за известување за целисходноста на користењето на средствата, кој е составен дел на овој правилник.

Единица на оценување е приказот на вкупните приходи и расходи по одделни ставки, кои се однесуваат за целиот период на реализацијата на проектот и за сите преземени активности.

Оценувањето се врши по следниве категории:

- вид на употребени материјални средства;
- број на употребени единици од соодветниот вид на материјалните средства;
- цена на чинење по единица;
- вкупна цена на чинење на употребените материјални средства;
- вид на услуга;
- број на единици на услуги, изразени во обем или време;
- цена на чинење по единица од услугата;
- вкупна цена на чинење на остварената услуга;
- вид на ангажман на одредени лица;
- број на работни денови;
- цена на чинење по работен ден;
- вкупна цена на чинење на работните денови

Критериум за оценување на категориите од ставот 3 на овој член е степенот на отстапување на она што е реализирано во однос на она што е планирано.

Оценката од ставот 1 на овој член ги содржи:

- описна оценка за отстапување на она што е планирано во проектот во однос на она што е реализирано со наведување на отстапувањата;
- утврдување на извесни прелевања на средствата од ставка во ставка и извесни промена во временската динамика на трошењето на средствата во текот на реализацијата на проектот и
- квантитативна оцена на целисходноста во користењето на средствата во однос на целиот проект, врз основа на скалата на оценување:

0 - ако при реализацијата на проектот, средствата воопшто не се целисходно користени;

3 - ако при реализацијата на проектот, средствата не се потполно целисходно користени и

5- ако при реализацијата на проектот, средствата се целисходно користени.

Координаторот ги синтетизира и усклaдува оценките на оценувачите и врз нивна основа, подготвува аналитичко резиме и квантитативна оценка, кој претставува средна оценка од оценките кои ги имаат дадено оценувачите.

Член 19

Секој оценувач, врз основа на расположливите документи како извори на информации за тековно оценува подготвува оцена на реализацијата на очекуваните резултати.

Единица на оценување се оние делови од документите кои содржат информации за резултатите кои се очекуваат од спроведувањето на проектот и постигнатите резултати.

Категориите за оценување, зависат од видот на резултатот кој се очекува да се постигне.

Основни категории за оценка се:

- обемот на постигнатото и
- квалитет на постигнатото

Критериум за оценување на категоријата од алинеа 1 став 4 од овој член е степенот на отстапување на она што е постигнато со проектот во однос на она што е планирано, утврдено преку квантитативни индикатори.

Критериуми за оценување на категоријата од алинеа 2 став 4 од овој член е степенот на отстапување на она што е постигнато со проектот во однос на она што е планирано, утврдено преку квалитативни индикатори.

При оценувањето се наведуваат констатираните состојби и се дава квантитативна оцена, која може да биде:

0- ако со реализацијата на проектот, воопшто не се постигнати очекуваните резултати;;

3- ако со реализацијата на проектот, делумно се постигнати очекуваните резултати;;

5- ако со реализацијата на проектот, се постигнати очекуваните резултати

Оцената од ставот 1 на овој член, ги содржи:

- генерална описна оцена за отстапување на она што е реализирано во однос на она што е планирано во проектот, со наведување на отстапувањата и
- квантитативна оцена врз основа на скалата на оценување содржана во ставот 7 на овој член.

Координаторот ги синтетизира и ускладува оценките на оценувачите и врз нивна основа, подготвува аналитичко резиме и квантитативна оценка, која претставува средна оценка од оценките кои ги имаат дадено оценувачите.

Член 20

Координаторот, врз основа на расположивите документи за завршно оценување, подготвува оценка на исполнувањето на поставените цели.

Единица на оценување се оние делови од документите потребни за завршно оценување, во кои се објаснуваат пробленот кој треба да се надмине, целите и придонесот кој треба да ги има проектот.

Категории за оценување се:

- надминување на проблемот дефиниран во проектот и остварување на предвидените цели;
- придонесот на проектот во создавањето на претпоставки и подобрување на условите за економски развој;
- придонесот во подобрувањето на квалитетот на живот и
- придонесот на проектот во зачувувањето на животната средина.

Придонесот на проектот во смисла на алинеа 2 став 3 од овој член се заснова врз оценка на очекуваните ефекти: за зголемување на вработеноста на локално ниво; зголемување на приходот на населението на локално ниво; зголемување на искористувањето на ресурсите на локално ниво и зголемување на додадената вредност на производите и услугите на локално ниво.

Придонесот на проектот во смисла на алинеа 3 став 3 од овој член се заснова врз оценка на очекуваните ефекти за: олеснување на движење и пристапност; подобрување на услугите за граѓаните; зголемување на безбедноста и сигурноста на имотот; зголемување на јавната хигиена и хигиената на живеење; подобрување на здравствените, образовните, културните, социјалните услуги; придонес во постигнување полова рамноправност и вклучување на ранливи групи и припадници на заедниците.

Придонесот на проектот во смисла на алинеа 4 став 3 од овој член се заснова врз оценка на очекуваните ефекти: за зголемена енергетска ефикасност; позитивни ефекти по животната средина, заштита на природните ресурси и биодиверзитетот и искористување на обновливи и/или алтернативни извори на енергија.

Критериум за оценување е степенот на промена која настанала од моментот пред отпочнувањето на спроведувањето на проектот до моментот на неговото завршување.

Оценката ги содржи:

- опис на проблемите кои се надминати, целите кои се постигнати и придонесот кој го дал проектот во областите наведени во алинеите 2, 3 и 4 став 3 од овој член со давање на квалитативна оценка за истите и

- квантитативна оценка на степенот на надминувањето на проблемот и остварувањето на предвидените цели, според следнава скала:

0 - проектот воопшто не го надминал дефинираниот проблем и не ги остварил предвидените цели;

1 - проектот во незначителна мера го надминал дефинираниот проблем и не ги остварил предвидените цели;

3 - проектот делумно го надминал дефинираниот проблем и не ги остварил предвидените цели;

5 - проектот потполно го надминал дефинираниот проблем и не ги остварил предвидените цели;

- квантитативна оценка на степенот на придонесот на проектот во создавањето на претпоставки и подобрување на условите за економски развој, според следнава скала:

0- проектот воопшто не придонел во создавање на претпоставки и подобрување на условите за економски развој во општината/општините;

1- проектот придонел во мал обем во создавање на претпоставки и подобрување на условите за економски развој во општината/општините;

3- проектот придонел во среден обем во создавање на претпоставки и подобрување на условите за економски развој во општината/општините;

5- проектот придонел во голем обем во создавање на претпоставки и подобрување на условите за економски развој во општината/општините;

- квантитативна оценка на степенот на придонесот на проектот во подобрувањето на квалитетот на животот, според следнава скала

0- проектот воопшто не придонел во подобрувањето на квалитетот на животот во општината/општините;

1- проектот придонел во мал обем во подобрувањето на квалитетот на животот во општината/општините;

3- проектот придонел во среден обем во подобрувањето на квалитетот на животот во општината/општините;

5- проектот придонел во голем во подобрувањето на квалитетот на животот во општината/општините

- квантитативна оценка на степенот на придонесот на проектот во зачувувањето на животната средина, според следнава скала

0- проектот воопшто не придонел во зачувувањето на животната средина во општината/општините;

1- проектот придонел во мал обем во зачувувањето на животната средина во општината/општините;

3- проектот придонел во среден обем во зачувувањето на животната средина во општината/општините;

5- проектот придонел во голем обем во зачувувањето на животната средина во општината/општините

Координаторот ги синтетизира и ускладува оценките на оценувачите и врз нивна основа, подготвува аналитичко резиме и квантитативна оценка, која претставува средна оценка од оценките кои ги имаат дадено оценувачите.

Член 21

Секој оценувач, врз основа на расположивите документи за завршно оценување, подготвува оценка на општата успешност за реализирање на проектот.

Оценката се однесува на следниве категории:

- целисходноста во користењето на средствата;
- запазувањето на временската рамка;
- исполнувањето на очекуваните резултати;
- исполнувањето на проектните цели;
- ефикасноста на контролата во спроведувањето на проектот и
- партиципативен пристап во спроведувањето на проектот.

Оценката треба да содржи:

- генерална оценка за општата успешност на реализацијата на проектот, врз основа на категориите содржани во ставот 2 на овој член и
- квантитативна оценка, изразена преку следнава скала на оценување:

0- проектот не е воопшто успешно реализиран;

3- проектот е делумно успешно реализиран

5- проектот е успешно реализиран.

Координаторот ги синтетизира и усклaдува оценките на оценувачите и врз нивна основа, подготвува аналитичко резиме и квантитативна оценка, која претставува средна оценка од оценките кои ги имаат дадено оценувачите.

Член 22

Извештајот за завршно оценување на проектите содржи:

- Аналитичкото резиме и средната оценка од член 18 став 7, член 19 став 9, член 20 став 9 и член 21 став 4 од овој правилник и
- Генерални заклучоци и препораки.

Член 23

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 10-2663/1
15 декември 2011 година
Скопје

Министер,
**Невзат Бејта**, с.р.

П Р И Л О Г

## ФОРМУЛАР ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ЦЕЛИСХОДНОСТА НА КОРИСТЕЊЕТО НА СРЕДСТВАТА

(Формуларот се пополнува еден месец пред отпочнувањето на тековното, односно завршувањето оценување на проектот)

Име на проектот: ________________________________________________
Носител на проектот:_____________________________________________
Дата: _____20___ година

1. Активност:_____________________________________________________

1.1. Материјални средства

| Вид | Број на единици | Цена на чинење по единица | Вкупна цена | дата |
|---|---|---|---|---|
| | планирано / реализирано | планирано / реализирано | планирано / реализирано | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

1. Дали видот на материјални средства којшто се употребен е ист со оној којшто се планирани

_________________________________________________________________
____________________________________________________

2. Доколку има разлика меѓу планираното и реализираното, во одделните колони од табелата, да се наведат причините

_________________________________________________________________
_________________________________________________________________

1.2. Услуги

| Вид | Број на единици | Цена на чинење по единица | Вкупна цена | дата |
|---|---|---|---|---|
| | планирано / реализирано | планирано / реализирано | планирано / реализирано | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

1. Дали видот на услугата којашто е користена е иста со онаа којашто е планирана

______________________________________________________________

_____________________________________________________

2. Доколку има разлика меѓу планираното и реализираното, во одделните колони од табелата, да се наведат причините

______________________________________________________________

_____________________________________________________

1.3. Човечки ресурси

| Вид на ангажман | Број на работни денови | Цена на чинење на работен ден | Вкупна цена на чинење на работните денови | дата |
|---|---|---|---|---|
| | планирано / реализирано | планирано / реализирано | планирано / реализирано | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

1. Дали видот на ангажманот е ист со оној којшто е планиран

______________________________________________________________

_____________________________________________________

2. Доколку има разлика меѓу планираното и реализираното, во одделните колони од табелата, да се наведат причините

______________________________________________________________

_____________________________________________________

Забелешка: Секоја планирана активност се одбележува со реден број, во склад со редниот број којшто го има во проектот. Се пополнуваат онолку табели од видот на горeприкажаните (1.1, 1.2. и 1.3), колку што се планирани со проектот. Секоја наредна активност, потребно е да се одбележи со секоја следна бројка (на пример 2.1, 2.2 и 2.3 за втората активност и т.н.).

Резиме:

- наведете го генералниот заклучок во однос на целисходноста на користењето на средствата во текот на спроведувањето на проектот;

Забелешка: доколку во моментот на пополнувањето на формуларот, некоја од активностите е во тек, се дава опис на реализираното до тој момент, со напомена, дали до тој момент има одредени отстапки од планираното и ако има, дали се планира да се надминат, како и во кој период од имплементацијата.

Потпис

(се потпишува законскиот застапник на носителот на проектот, а го парафира формуларот со иницијали на секоја страница)